# SCHOOL CLIMATE AS A FACTOR IN A SUCCESSFUL TEACHING AND LEARNING PROCESS

**Atinka Barljamova Stojchevska**
Primary School „Nikola Karev" Probishtip, Republic of North Macedonia,
atinkasarafimova@yahoo.com
**ORCID ID:** 0009-0000-7136-407X
**Zlatica Stojkova**
Primary School "Boris Trajkovski", Monospitovo village – Bosilovo, Republic of North Macedonia, zlato2017@yahoo.com
**ORCID ID:** 0009-0002-7117-4326

**Abstract:** School climate represents one of the key concepts in the field of education, which largely determines students' academic success, as well as their overall well-being and psychological health. The aim of this paper is to provide a detailed overview of the main determinants of school climate and to explore its complex relationship with educational success.
The paper is structured to first analyze individual human contributions to school climate, highlighting the specific roles of the principal, teachers, and students. The principal is identified as the first fundamental determinant, whose primary role is reflected in establishing quality relationships between students and teachers, as well as encouraging the professional development of the teaching staff. Teachers represent the second key determinant of school climate, with their greatest contribution manifested through the level of support they provide to students, their democratic orientation, conflict prevention skills, and human qualities such as patience and empathy. The third important human factor is the students themselves, for whom a quality school climate brings numerous social, cognitive, and emotional benefits, while simultaneously positively affecting their health and psychological well-being.
Finally, special attention is dedicated to strategies for optimizing school climate. In this context, the importance of the teachers' role in the instructional process, the necessity of quality communication between parents and the school community, and the creation of an encouraging and productive environment through active and cooperative learning models are emphasized. The conclusion of the paper points to the need for continuous monitoring and improvement of school climate in order to create an optimal environment for the development of all students.
**Keywords:** school climate, educational success, human contributions, school climate optimization.

# УЧИЛИШНАТА КЛИМА КАКО ФАКТОР ЗА УСПЕШЕН ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

**Атинка Барљамова Стојчевска**
ООУ „Никола Карев" Пробиштип, Република Северна Македонија,
atinkasarafimova@yahoo.com
**ORCID ID:** 0009-0000-7136-407X
**Златица Стојкова**
ООУ„Борис Трајковски" с. Моноспитево – Босилево, Република Северна Македонија,
zlato2017@yahoo.com
**ORCID ID:** 0009-0002-7117-4326

**Резиме:**Училишната клима претставува еден од клучните концепти во подрачјето на образованието, кој во голема мера го одредува успехот на учениците во образованието, но и нивната севкупна добросостојба и психолошко здравје. Целта на овој труд е да понуди детален преглед на главните одредници на училишната клима и да го истражи нивниот сложен однос со успехот во образованието.
Трудот е структуриран така што најпрво сосема накратко ги анализира индивидуалните човечки придонеси за училишната клима, каде што посебно се истакнати улогите на директорот, наставниците и учениците. Како прва темелна одредница е означен директорот, чија примарна улога се огледа во воспоставувањето квалитетни односи меѓу учениците и наставниците, како и во поттикнувањето на професионалниот развој на наставниот персонал. Наставниците ја претставуваат втората клучна одредница на училишната клима, при што нивниот најголем придонес се манифестира преку степенот на поддршка што им ја даваат на учениците, нивната демократска ориентираност, вештините за спречување конфликти, како и преку човечките квалитети како што се трпението и емпатијата. Третиот важен

човечки фактор се самите ученици, за кои квалитетната училишна клима носи бројни социјални, когнитивни и емоционални придобивки, а истовремено позитивно влијае врз нивното здравје и психичка добросостојба.
На крајот, посебно внимание им е посветено на стратегиите за оптимизација на училишната клима. Во тој контекст, нагласена е важноста на улогата на наставниците во наставниот процес, неопходноста од квалитетна комуникација меѓу родителите и училишната заедница, како и креирањето на поттикнувачка и продуктивна средина преку моделите на активно и кооперативно учење. Заклучокот на трудот укажува на потребата од континуирано следење и унапредување на училишната клима со цел создавање оптимална средина за развој на сите ученици.
**Клучни зборови:** училишна клима, успех во образованието, човечки придонеси, оптимизација на училишната клима.

## 1. ВОВЕД

Во последните децении, во подрачјето на училишната психологија и педагогијата, сè поголемо внимание се посветува на концептот на училишна клима (Thapa и сор., 2013). Училишната клима се дефинира како квалитет и карактер на училишниот живот, кои се засновани на обрасците на искуства на учениците, родителите и училишниот персонал, а ги одразуваат нормите, вредностите, меѓучовечките односи, наставните практики и организациските структури (Cohen и сор., 2009).
Истражувањата во континуитет покажуваат дека позитивната училишна клима е поврзана со низа пожелни исходи кај учениците, вклучувајќи повисока академска постигнатост, подобра социјално-емоционална прилагоденост, намалена стапка на деликвентно однесување и зголемено чувство на припадност кон училиштето (Berkowitz и сор., 2017; Wang и Degol, 2016). Од друга страна, негативната или занемарувачката клима може да дејствува како значаен извор на стрес и да придонесе за училишен неуспех, отуѓување на учениците и појава на меѓуврсничко насилство (Gorgonio, 2017).
Целта на овој труд е да ги анализира клучните одредници на училишната клима и да го истражи нивниот однос со успехот во образованието. Трудот посебно се осврнува на придонесот на клучните актери во училишниот систем – директорот, наставниците и учениците. На крајот, ќе бидат разгледани стратегиите за оптимизација на училишната клима со цел унапредување на образовните исходи и добросостојбата на учениците.

### Училишна клима

Концептот на училишна клима има долга историја во образовните истражувања, а неговите корени датираат од проучувањето на организациската клима во индустрискиот и деловниот сектор (Koys i DeCotiis, 1991). Во училишниот контекст, климата може да се сфати како „психолошка атмосфера“ или „личност“ на училиштето која го разликува едно училиште од друго (Freiberg i Stein, 1999). Таа не се однесува на физичките карактеристики на зградата, туку на субјективното доживување на средината од страна на оние кои секојдневно престојуваат во неа (Forsberg и сор., 2021).
Според Националниот центар за училишна клима (National School Climate Center – NSCC), квалитетната училишна клима опфаќа четири клучни димензии (Cohen и сор., 2009):
**Безбедност:** Физичка и социо-емоционална безбедност, јасно дефинирани правила и доследно спроведување на дисциплинските мерки.
**Односи:** Квалитет на интеракцијата меѓу наставниците и учениците, меѓуврсничките односи, почитувањето на различностите и поддршката од заедницата.
**Социјална и академска средина:** Квалитет на наставата, високи очекувања од учениците, промовирање на социјално-емоционалното учење и професионален развој на наставниците.
**Физичка средина:** Организација на просторот, чистота, ресурси и естетика на училишниот амбиент.
Она што е најважно се социјалните процеси и односите кои се развиваат во рамките на училишната заедница (Syahril i Hadiyanto, 2018).

## 2. КЛУЧНИ ОДРЕДНИЦИ НА УЧИЛИШНАТА КЛИМА: ДИРЕКТОР, НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ

Училишната клима не е статичен феномен, туку динамичен производ на социјалните интеракции. Затоа, за нејзино разбирање е неопходно да се анализира улогата на трите клучни групи кои го сочинуваат јадрото на секое училиште: училишното раководство (директорот), наставниот персонал и самите ученици (Gorgonio, 2017).

### Улогата на директорот бо формирањето на квалитетна училишна клима

Директорот на училиштето често се нарекува „креатор на климата“ бидејќи неговиот стил на раководење во голема мера ја одредува насоката во која ќе се развива училишната заедница (Andrews i

Soder, 1987). Директорот не е само административен менаџер, туку и педагошки лидер (instrukcijski vođa) чија примарна задача е да создаде услови за ефикасно учење и предавање (Heck и сор., 1990).
Истражувањата покажуваат дека директорите кои применуваат трансформациски и демократски стилови на раководење придонесуваат за значително попозитивна училишна клима (Marks i Printy, 2003). Ваквите директори покажуваат доверба во своите вработени, ги вклучуваат наставниците во процесите на донесување одлуки и го поттикнуваат нивниот професионален развој (Sabo и сор., 1996). Кога наставниците чувствуваат дека нивната работа е вреднувана и дека имаат поддршка од раководството, нивниот морал и задоволство од работата растат, што директно се пренесува на климата во училницата и на односот кон учениците (Tarter i Hoy, 1988).
Спротивно на тоа, авторитативното раководење, недостатокот на транспарентност и неконзистентноста во спроведувањето на правилата од страна на директорот можат да доведат до силно чувство на недоверба, емоционална исцрпеност кај наставниците и појава на фракции во училишниот колектив (Tarter и сор., 1989). Според тоа, ефикасното водство на директорот претставува неопходен темел за изградба на здрава, стимулирачка и сигурна училишна клима (Heck и сор., 1991).

**Наставникот и училишната клима: важноста на односот наставник-ученик**

Земајќи го предвид фактот дека училишната клима е производ на социјалните интеракции меѓу учениците и меѓу наставниците и учениците (Koth и сор., 2008), може да се заклучи дека самите наставници можат во голема мера да влијаат врз формирањето на позитивна, но и на негативна училишна клима.
Важно е да се земат предвид некои карактеристики на наставниците, кои наизглед не се суштински поврзани со училишната клима. Едни од тие карактеристики се вработувањето на наставникот со полно работно време или со скратено работно време, како и работното искуство. Пронајдено е дека таквите карактеристики се поврзани со перцепцијата на училишната клима кај учениците (Van der Oord и Van Rossem, 2002).
Понатаму, според Јагиќ и Јурчиќ (Jagić и Jurčić, 2006), доживувањето на училишната клима кај учениците во голема мера зависи од степенот на поддршка од наставникот. Важно е да се нагласи дека постојат и два различни елементи на поддршката од наставникот. Едниот од нив се однесува на воспитанието, кое се огледа во тоа што наставниците им помагаат на учениците да се однесуваат соодветно, а другиот се однесува на образованието, при што е важно наставниците да ги учат учениците како да учат и да стекнуваат знаења кои ќе им бидат корисни во иднина.
Освен тоа, голема улога во креирањето на попозитивна клима во училиштето и во училницата имаат наставниците кои се демократски ориентирани. Демократската ориентираност на наставникот во голема мера придонесува за зголемување на мотивацијата за работа кај учениците и придонесува за нивниот интерес за училишниот материјал. Според тоа, би можеле да заклучиме дека самото дозволување од страна на наставникот учениците на демократски начин да учествуваат во наставата креира позитивна клима во училницата и училиштето. На тој начин на учениците ќе им биде дозволено на оптимален начин да ги остварат своите потреби (Alić, 2020).
Важно е да разјасниме дека исто како што наставникот може да влијае врз училишната клима, и тоа најмногу преку односите со учениците, така и училишната клима може да влијае врз наставникот (Baranović и сор., 2006). Училишната клима е поврзана со чувството на посветеност на наставниците и нивната вклученост во настаните во училиштето. Секако, колку што е попозитивна училишната клима, толку е поголема посветеноста на наставникот и неговата вклученост во училиштето (Tarter и сор., 1989).
Исто така, училиштата со позитивна клима во голема мера придонесуваат за зајакнување на самопочитта кај наставниците (Popović-Ćitić и Đurić, 2018). Неизбежно е да се спомене дека училишната клима е поврзана и со моралното постапување на наставниците (Hart и сор., 2000), задржувањето на наставниците во училиштето (Cohen и сор., 2009) и односот меѓу наставниците и учениците, кој е значително поповолен доколку училишната клима е позитивна (Fan и сор., 2011).

**Учениците и училишната клима**

Бројните здравствени и психички придобивки кај учениците во училиштето се производ на дејствувањето на училишната клима (Rončević и сор., 2018), при што позитивната училишна клима претставува заштитен фактор за учениците во бројни аспекти на нивниот развој. Најголемата придобивка се огледа во нивните социјални, емоционални и когнитивни придобивки.
Првично, развивањето на позитивна училишна клима има исклучително значајно влијание врз напредокот на младите и создавањето темели за нивната продуктивност, што во голема мера влијае врз зголемувањето на нивното задоволство во училишната средина. Во таква позитивна клима доаѓа до воспоставување норми, вредности и очекувања кои им даваат поддршка на поединците да се чувствуваат безбедно на социјално, емоционално и физичко ниво (Cohen и сор., 2009). Многу истражувања покажаа дека училишната клима е предиктор за отсуството на учениците од настава, при што учениците помалку ќе отсуствуваат од истата доколку училишната клима е позитивна (deJung и Duckworth, 1986; Purkey и Smith, 1983; Reid, 1982; Rumberger, 1987; Sommer, 1985; според Cohen и сор., 2009).

Понатаму, Коељо и соработниците (Coelho и сор., 2020) исто така се осврнаа на разликите во самопочитта кај средношколците, при што утврдија дека учениците со попозитивни перцепции за училишната клима на почетокот на средното училиште пријавуваат повисоко ниво на самопочит. Освен овие придобивки од попозитивната училишна клима, откриено е и дека таа доведува до пониски нивоа на употреба на дрога, послабо дружење со ризични групи врсници и намалена инциденца на психијатриски проблеми кај учениците во средното училиште (LaRusso и сор., 2008). Поволен исход од позитивната училишна клима претставува и намалувањето на појавата на насилни модели на однесување во училиштето, а важно е да се истакне дека кога ја разгледуваме училишната клима, мора посебно да ги земеме предвид спецификите на различните групи ученици. Според тоа, Пузиќ и соработниците (Puzić и сор., 2011) докажаа дека постојат одредени полови разлики кои укажуваат дека девојчињата се почуствителни на насилство во училиштето во споредба со момчињата. Освен тоа, истите автори наведуваат дека учениците со највисок успех во образованието имаат тенденција малку попозитивно да ја оценуваат училишната средина во однос на останатите ученици (Puzić и сор., 2011).

## 3. ОПТИМИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШНАТА КЛИМА: ВЛИЈАНИЕ ВРЗ УСПЕХОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО, ДОБРОСОСТОЈБАТА И ПСИХОЛОШКОТО ЗДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во овој труд се осврнавме на влијанието на училишната клима врз подобрувањето на успехот во образованието и поттикнувањето на добросостојбата и психолошкото здравје на учениците. Важно е да се земе предвид дека при воспоставувањето на оптимизацијата и постигнувањето на попозитивна училишна клима, неизбежно е да се вклучат сите членови на училишната заедница (Dary и Pickeral, 2013).

Почнувајќи од дефиницијата за оптимизација на училишната клима со која е објаснето дека тој процес претставува намерен, стратешки и партиципативен процес во кој наставниците, учениците, родителите или старателите, но и останатите членови на училишната заедница учат и работат заедно на промовирање на просоцијалното учење и побезбедна средина со повеќе поддршка (Dary и Pickeral, 2013), потребно е уште еднаш да се истакнат карактеристиките на наставниците во таквите училишни заедници. Училиштата во кои климата е попозитивна, по правило имаат повеќе мотивирани наставници, а наставниците кои покажуваат висока мотивација во работата, по правило имаат ученици кои постигнуваат поголем образовен успех (MacNeil и сор., 2009).

Понатаму, наставниците влијаат и врз чувството на физичка и психичка безбедност кај ученикот, кое е од неизмерна важност за нивната добросостојба, а неоспорно е дека безбедноста го помага учењето, односно дека стравот и анксиозноста негативно влијаат врз учењето и когнитивните способности. Ваквата улога на наставникот е од исклучителна важност со оглед на сè поголемата стапка на социјално и училишно насилство меѓу учениците општо, а особено меѓу оние ученици кои живеат во понеповолни услови. За наставниците да можат на поефикасен начин да влијаат врз безбедноста на учениците, од нив се бара делотворно да ги познаваат учениците во училиштето.

По претставувањето на улогата на наставникот во оптимизацијата на училишната клима, вториот фактор кој е поврзан со неа е комуникацијата меѓу родителите и училишната заедница. Ваквата комуникација е од неопходна важност бидејќи со неа се вклучуваат родителите во решавањето на некои проблеми на училишната заедница, што значајно придонесува за добросостојбата и психолошкото здравје на учениците, а освен тоа, заедничката работа на семејството и училиштето е предиктор за подобрување на успехот во образованието на децата. Факт е дека училиштата би требало да го зголемат нивото на чувствителност кон потребите на родителите, а особено на оние родители чии деца постигнуваат послаб успех во образованието. За таа цел, важно е и училиштата да ги вклучат учениците на родителските состаноци, како и одржувањето на работилници со родителите и воспитувачите. (Clean, 1987; според Škutor, 2014).

Третата важна компонента во оптимизацијата на училишната клима е креирањето на поттикнувачка и продуктивна средина во училиштето, која ќе доведе до зголемено задоволство кај учениците во училиштето, но и до зголемување на успехот во образованието на учениците, што во голема мера влијае врз нивната добросостојба (Đurišić и Žunić-Pavlović, 2021). Ваквата поттикнувачка и продуктивна средина во училиштето во најголема мера се однесува на активното учење, при што е потребно да се разгледа учењето засновано на проблем (Akınoğlu и Tandoğan, 2007) и кооперативното учење (Hossain и Tarmizi, 2013). Сепак, се смета дека поважна улога има кооперативното учење, кое претставува заедничка работа на учениците во мали групи. Целта на ваквиот вид учење е постигнување на меѓусебна зависност, која ќе придонесе за попозитивно ментално здравје на учениците.

Четвртата компонента која влијае врз оптимизацијата на училишната клима се јасните и доследни правила во училишната заедница. Можеме да кажеме дека, кога правилата на однесување се јасни и се применуваат на доследен начин, тоа резултира со редукција на непосакуваните однесувања во училиштето, што влијае врз добросостојбата на учениците во училиштето. Поврзано со тоа, резултатите од едно истражување покажуваат дека училишната клима која вклучува јасни и конзистентни правила на

однесување, како и позитивни односи меѓу наставниците и учениците, е поврзана со помала стапка на насилство во училиштето. (Khoury-Kassabri и сор., 2005).
Постигнувањето на чувството на заедништво е клучна стратегија за подобрување на училишната клима и во најголема мера произлегува од намалувањето на големината на паралелките, креирањето на посебни советувања и организирањето на посебни собири во училишната заедница, што во голема мера влијае врз психолошкото здравје на учениците во училиштето (Dusenbury и сор., 2015; според Vranjican и сор., 2019).
Заклучно, за да ја подвлечеме важноста на оптимизацијата на училишната клима воопшто, потребно е да се земе предвид дека таа доведува до зголемување на чувството на самодоверба кај учениците (Popović-Ćitić и Đurić, 2018) и дека оние ученици кои ја перципираат училишната клима како попозитивна, покажуваат и повисоки нивоа на самопочит и општо попозитивно самопоимање (Coelho и сор., 2020).

## 4. ЗАКЛУЧОК

Училишната клима претставува значаен фактор што директно влијае врз квалитетот и успешноста на воспитнообразовниот процес. Позитивната училишна клима создава средина во која учениците се чуствуваат прифатени и мотивирани за учење, наставниците професионално се развиваат и соработуваат, а родителите бактивно се вклучуваат во животот на училиштето.
Анализата на релевантните педагошки сознанија укажува дека позитивната училишна клима е тесно поврзана со повисоки образовни постигања, подобра дисциплина, намалување на конфликтите и насилството и поголемо задоволство од работата кај наставниците. Истовремено негативната клима може да предизвика намалена мотивација за учење, нарушени меѓучовечки односи и потешкотии во остварувањето на воспитно –образовните цели.
Со идните истражувања е потребно да се зголеми свеста за важноста на училишната клима како клучен фактор за успехот во образованието, што би требало да биде приоритет на секоја образовна институција. Според тоа, потребно е континуирано да се следи и евалуира училишната клима со цел создавање оптимална средина во која сите ученици во училиштето би можеле да имаат еднакви можности за постигнување успех во образованието. Исто така, идните истражувања големо значење би требало да му придадат на исклучителното влијание на училишната клима врз добросостојбата и психолошкото здравје на учениците, при што би било потребно да се испита на кои сè уште начини создавањето оптимална училишна средина влијае врз здравиот развој на децата, односно учениците. Ваквите истражувања со сигурност би придонеле за разбирањето на важноста на училишната клима, не само за когнитивниот развој на учениците, туку и за нивниот социјален и емоционален развој, што во голема мера го подобрува нивното ментално здравје.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Astor, R. A., Guerra, N., & Van Acker, R. (2010). How can we improve school safety research?. Educational researcher, 39(1), 69-78.
Aldridge, J. M., Fraser, B. J., Fozdar, F., Ala'i, K., Earnest, J. & Afari, E. (2016). Students' perceptions of school climate as determinants of wellbeing, resilience and identity. Improving schools, 19(1), 5-26.
Alić, B. (2020). Školski uspjeh učenika. Novi Muallim, (81), 49-55.
Babarović, T., Burušić, J. & Šakić, M. (2010). Psihosocijalne i obrazovne odrednice školskog uspjeha učenika osnovnih škola: dosezi dosadašnjih istraživanja. Suvremena psihologija, 13(2), 235-256.
Babarović, T., Burušić, J. & Šakić, M. (2009). Uspješnost predviđanja obrazovnih postignuća učenika osnovnih škola Republike Hrvatske. Društvena istraživanja, 18(4-5), 673-695.
Baranović, B., Domović, V. & Štibrić, M. (2006). O aspektima školske klime u osnovnim školama u Hrvatskoj. Sociologija i prostor: časopis za istraživanje prostornoga i sociokulturnog razvoja, 44(174 (4)), 485-504.
Coelho, V. A., Bear, G. G. & Brás, P. (2020). A multilevel analysis of the importance of school climate for the trajectories of students' self-concept and self-esteem throughout the middle school transition. Journal of youth and adolescence, 49(9), 1793-1804.
Cohen, J., McCabe, E. M., Michelli, N. M. & Pickeral, T. (2009). School climate: Research, policy, practice, and teacher education. Teachers college record, 111(1), 180-213.
Darling-Hammond, L. & Cook-Harvey, C. M. (2018). Educating the Whole Child: Improving School Climate to Support Student Success. Learning Policy Institute. Dary, T. i Pickeral, T. (2013). School climate: Practices for implementation and sustainability. New York, NY: National School Climate Center.
Darling-Hammond, L. (2022). The role of professional development in teacher retention and student success. Educational Leadership Journal, 79(6), 14-21.
Demirtaş-Zorbaz, S., Akın-Arıkan, Ç., & Terzi, R. (2021). Does school climate that includes students' views deliver academic achievement? A multilevel meta-analysis. *School Effectiveness and School Improvement, 32*(4), 543–563

Đurišić, M. & Žunić-Pavlović, V. (2021). Školska klima i adaptivne karakteristike učenika mlađih razreda osnovne škole. Specijalna edukacija i rehabilitacija, 20(2), 93-108.

Forsberg, C., Chiriac, E. H. & Thornberg, R. (2021). Exploring pupils' perspectives on school climate. Educational Research, 63(4), 379-395.

Gorgonio, J. P. R. (2017). School climate determinants: Perception and implications. Asia Pacific Journal of Education, Arts and Sciences, 4(2), 31-37.

Grissom, J. A., Loeb, S. & Master, B. (2013). Effective instructional time use for school leaders: Longitudinal evidence from observations of principals. Educational researcher, 42(8), 433-444.

Hart, P. M., Wearing, A. J., Conn, M., Carter, N. L. & Dingle, A. R. K. (2000). Development of the School Organisational Health Questionnaire: A measure for assessing teacher morale and school organisational climate. British Journal of Educational Psychology, 70(2), 211-228.

Jagić, S. & Jurčić, M. (2006). Razredno-nastavno ozračje i zadovoljstvo učenika nastavom. Acta Iadertina, 3(1), 29-43.

Koth, C. W., Bradshaw, C. P. & Leaf, P. J. (2008). A multilevel study of predictors of student perceptions of school climate: The effect of classroom-level factors. Journal of educational psychology, 100(1), 96. Koys, D. J. i DeCotiis, T. A. (1991). Inductive measures of psychological climate. Human relations, 44(3), 265-285.

LaRusso, M. D., Romer, D. & Selman, R. L. (2008). Teachers as builders of respectful school climates: Implications for adolescent drug use norms and depressive symptoms in high school. Journal of Youth and Adolescence, 37, 386-398.

Lindström, M. P., (2026). Exploring the role of school climate, teacher workload, and job satisfaction in student achievement: Insights from PIRLS and TIMSS**.** *Educational Assessment, Evaluation and Accountability, 38*, 5–31.

Nadeem, H. A., & Lilla, Z. I. (2024). Professional Competence of Teachers and School Climate: A Conceptual Perspective. UMT Education Review, 7(1), 1-23.

Pilatova, S., & Petrova, E. (2022). INFLUENCING FACTORS ON GOOD SCHOOL CLIMATE IN THE PRIMARY SCHOOLS. *KNOWLEDGE - International Journal* , *55*(2), 309–313.

Sakız, H., & Denktaş, Z. (2026). From connections to achievements: Investigating the influence of school climate and school membership on adolescent students' academic achievement. *European Journal of Psychology of Education, 41*, Article 26.

School climate and student achievement: Evidence from TIMSS longitudinal. (2026). *Studies in Educational Evaluation, 90*, Article 101641.